# ДЕТСКО СРЦЕ И ДЕТСКИ СОНИШТА

Шри Чинмој

Наслов на оригиналот:
“A Child’s Heart and a Child’s Dreams” by Sri Chinmoy
Copyright © 1986 by Sri Chinmoy

Сите права за ова издание се заштитени. Забранетo е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени и електронски медиуми или за друг вид јавна употреба или изведба без согласност на издавачот.

Издавач: Шри Чинмој Центар – Скопје
Наслов: „Детско срце и детски соништа“
Автор: Шри Чинмој

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

239.6-584.7:316.812.1-055.52-055.6
821.111(73)-84

ЧИНМОЈ, Шри
Детско срце и детски соништа / Шри Чинмој ; - Скопје : Шри Чинмој центар, 2019. - 144, [4] стр. : слика на авторот ; 21 см

Превод на делото: A Child’s Heart and a Child’s Dream / by Sri Chinmoy. - За авторот: стр. [146-148]

ISBN 978-608-4894-05-6

а) Духовни вежби - Родители и деца - Чинмој, Шри (1937-2007)

COBISS.MK-ID 111603210

# СОДРЖИНА

## ПРВ ДЕЛ
## ВОДИЧ ЗА РОДИТЕЛИ

Детско срце и детски соништа ........................... 11
Твојата улога како родител ............................... 19
Духовниот развој на твоето дете ..................... 47
Водич за медитација за родители .................... 59
Образование и духовност ................................. 80

## ВТОР ДЕЛ
## ...И ЗА ДЕЦА

Зошто Бог е горе на небото? ............................ 98
Детски разговори со Бог .................................. 116
Приказни за деца ............................................ 128

# ВОВЕД

Пред многу години го прашав Шри Чинмој: „Дали има некоја посебна духовна особина што треба да ја привикаме додека ги учиме нашите деца?“ Неговиот одговор беше краток и е презентиран во оваа книга. Клучните зборови на тој одговор се „несебично давање“. Да бидам искрен, тогаш не бев сигурен што значат тие зборови. Со време тоа не само што ми стана цел кон која треба да се тежнее, туку се повеќе и повеќе ми станува начин на живеење.

Шри Чинмој вели:

„Мајката на своето дете му дава и дава едноставно затоа што го сака. Ако има среќа, кога детето ќе порасне, ќе ѝ возврати. Меѓутоа, често тоа не возвраќа. Си има свој сопствен живот. Сепак, додека мајката дава, Бог ја благословува. Светлината, љубовта и другите божествени особини што му ги дава на своето дете се благослов сами по себе.“

Преку длабоката комуникација со Бог што ја нарекуваме медитација, можеме да дојдеме до изворот на мирот, љубовта и светлина-

та кои се длабоко во нас. Изнесувањето на тие особини од себе значи преобразување на нашиот живот, на животот на нашите деца и откривање на вистинско исполнување. Така тие особини можеме да им ги понудиме не само на нашето семејство и пријателите, туку и на целото човештво. До внатрешна и надворешна преобразба може да се дојде само ако родителите прават свесен напор за да се хранат духовно себе и своите деца. Современото општество ги доведе нашите деца во многу незавидна состојба, многу повеќе од минатите млади генерации. Тие секојдневно наидуваат на многу предизвици - предизвици какви што можеби досега не ги демнеле младите жртви. Општо земено, многу искрено се загрижени за опстанокот на нашата планета. Како никогаш порано од родителите се бара да нудат повеќе и повеќе постојана љубов и внимание на своите деца (што навистина не е ништо друго, освен божествена љубов). Детето може да се научи и самото да ја наоѓа таа љубов во своето сопствено срце. На тој начин станува прекрасен цвет на несебично нудење. Шри Чинмој вели: „Ако своето дете можете да го инспирирате со љубов, тоа со љубов ќе инспирира некој друг.

Започнувајќи со еден, доаѓаме до мноштвото.“ Во оваа книга, Шри Чинмој ни нуди практични совети на тема што не е сон на идеалистот, туку спас за секој загрижен родител - негување на духовниот живот на твоето дете, гледајќи го него или неа како расте со љубовта на Бог и срце на себедавање.

Тринаесет години Шри Чинмој го води моето семејство со љубов низ животот. Сведок сум на внатрешното цветање не само на нашата ќерка, туку и на децата на другите луѓе кои ја прифатија филозофијата содржана во оваа книга.

Атар

# ПРВ ДЕЛ
# ВОДИЧ ЗА РОДИТЕЛИ

*СЛАТКА ДЕТСКА НАДЕЖ*

*Слатката детска надеж*
*и моментната божествена плодност*
*секогаш ќе ги најдете заедно*
*во прекрасната градина на*
*совршенство и радост.*

# ДЕТСКО СРЦЕ И ДЕТСКИ СОНИШТА

Божествената творба е како лотус или роза. Секое ливче е посебно на свој сопствен начин. Детето е посебно важен дел од божествената творба затоа што Бог во секое дете и со помош на секое дете сонува и се манифестира себе на еден неповторлив начин. Секое дете со себе носи некоја нова, дотогаш непозната, порака од Бог. Доколку ја прифати светот, природно добива нова светлина, нова сила и нова љубов.

Утрешнината зависи од денешното дете. Зборуваме за совршенство, но совршенството за кое зборуваме ќе дојде само од децата - од детското срце и детските соништа. Старата творба мора да се предаде на новата. Старата творба значи живот што не сака да ја види висти-

ната, да ја прифати вистината или да ја исполни вистината. Кој сака да ја види, прифати и да ја исполни вистината? Детето. Само детето има капацитет да почувствува дека со секој ден зазорува нова зора. Само детето е инспирирано да трча, да прави нешто, да му дава нешто на светот секој ден.

Извадок од „Детско срце и детски соништа“
www.knigi.mk